# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ЦЕНТАР - СКОПЈЕ


| | | |
|---|---|---|
| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ<br>Излегува по потреба<br>Рок на рекламации 15 дена | 7.4.2020 година<br>Скопје<br>Број 9 год. XV | Претплатата за 2020 год. износува 1.500,00 денари.<br>Овој број чини 150,00 денари. |

www.centar.gov.mk gradonacalnik@centar.gov.mk


април, 2020 година

# С О Д Р Ж И Н А

Стр.

- Одлука за давање на времено користење на службени моторни возила со Решение за објавување......................... 1 - 3

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје“ бр. 1/06, 12/15; 9/19 и 14/19), Градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Одлуката за давање на времено користење на службени моторни возила**

Се објавува Одлуката за давање на времено користење на службени моторни возила,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 9. вонредна седница, одржана на 7.4.2020 година.

Бр. 09-1866/3
7.4.2020 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
Саша Богдановиќ с.р.

Врз основа на член 26 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19 и 14/19) и член 3 став 2 и член 21 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ" бр. 78/15; 106/15; 153/15; 190/16; 21/18; 101/19 и 275/19) Советот на Општина Центар-Скопје на 9. седница, одржана на 7.4.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање на времено користење на**
**службени моторни возила**

**Член 1**

На Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија - Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси (за потребите на Полициската станица од општа надлежност „Центар") му се даваат на времено користење без надоместок следниве службени патнички моторни возила во сопственост на Општина Центар-Скопје и на ЈП „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје:

1. Патничко моторно возило CITROEN C4, со регистарска ознака SK 076 SE, идентификационен број на возилото VF7LCKFUC74760004, тип мотор KFU10FE, боја на возилото KAFENA/8D, сопственост на Општина Центар-Скопје;

2. Патничко моторно возило CHEVROLET SPARK, со регистарска ознака SK 592 UT, идентификационен број на возилото KL1MF4819AC236260, тип мотор B10D, боја на возилото CRVENA/76, сопственост на Општина Центар-Скопје;

3. Патничко моторно возило MITSUBISHI LANCER CY0, со регистарски ознаки SK 2152 AO, идентификационен број на возилото JMBSNCY2A9U007648, тип мотор 4A91, боја на возилото MET BEZH/8D, сопственост на ЈП „Паркинзи" на Општина Центар-Скопје, кое со Одлука бр.03-824/1 од 23.3.2020 година е дадено на користење на Општина Центар-Скопје.

**Член 2**

Службените патнички моторни возила во сопственост на Општина Центар-Скопје и на ЈП „Паркинзи“ на Општина Центар-Скопје се даваат на времено користење за период од два (2) месеца.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје“.

Бр. 08-1866/2
7.4.2020 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Јана Белчева Андреевска с.р.